




КАРПОШ
НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН
















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# РАБОТИЛНИЦА ВО ОПШТИНА КАРПОШ ОД ПРОЕКТОТ „COOL HEATING”

Во рамки на проектот „CoolHeating” , во просториите на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), во сторникот (30.05.2017) се одржа обука на тема „Јакнење на капацитетите за финансирање и бизнис модели за системи за грење и ладење со обновливи извори на енергија”. Господинот Пер Кристенсен од Данска, како претставник од трите земји учесници во проектот (Данска, Германија и Австрија) презентираше модел на добра пракса, кој е реализиран во оваа земја.
Македонија и Општина Карпош заедно со Словенија Хрватска Босна и Херцеговина и Србија се земји кои ги учат и имплементираат овие пракси во рамките на проектот „ХОРИЗОНТ 2020” на Европската Унија. На работилницата со свои презентации се претставија програмите на Светска Банка, Европската Банка за реконструкција и Охридска банка.

Саша Максимовски од Општина Чаир која заедно со општините Кисела Вода и Струмица се општини-следбеници во овој проект, ја изложи презентацијата за Моделите на јавни приватни партнерства во реализацијата на вакви проекти. Софтверската алатка за анализа на проектите за греење и ладење, ја презентираше Владимир Георгиевски од Интернационалнит центар за одржлива енергија СДЕВЕС Скопје, кој како посебен проектен дел во МАНУ е партнер на Општина Карпош во проектот „ХОРИЗОН 2020” на Европската Унија.

Раководителот на Одделението за енергетска ефикасност при Општина Карпош Љупчо Димов, ја изложи својата презентација за Модели на финансирање на проекти за енергетска ефикасност во локалните самоуправи -искуства во Република Македонија. Димов истакна дека овие проекти во Општина Карпош, донеле заштеда на потрошувачката за греење и ладење и ги презентираше искуствата во финансирањето на ваквите проекти во општината.

Презентациите на овој настан, имаа за цел да ги разработат прашањата кои се од интерес за локалните чинители и финансиските институции. Претставниците на институциите и приватните фирми, одржаа предавања од областа на финансирање, бизнис модели, договори и технологии во системите за централно греење и ладење, кои се базирани на обновливите извори на енергија.



# ПРЕЗЕНТИРАН БИОЕНЕРГЕТСКИОТ ПРОЕКТ „BIOVILL"

Во во рамките на проектот „BioVill" (био-село), кој е дел од Програмата на Европската Унија за истражување и иновации „Хоризон 2020", денеска во тренинг центарот на ЗЕЛС се одржа работилница на тема ,,Финансирање на биоенергетски проекти, искуства од Австрија и Германија и можности во Република Македонија". Овој меѓународен проект го имплементираат Општина Карпош со својот партнер, Интернационалниот центар за одржлива енергија (SDEWES) и проф. Наташа Марковска, од МАНУ како единствени партиципиенти од Република Македонија.

Целта на тренингот беше, детално и практично да се разработат прашањата околу финансирањето на биоенергетски проекти кои вклучуваат употреба на биомаса, биогас и биогориво Во центарот на дискусијата се говореше и за предностите кои ги нудат овие обновливи извори на енергија, како и за мерките и можностите во Македонија за примена и користење на отпадната биомаса и создавање на системи за грење кои ќе опфаќаат повеќе објекти квартови или биоенергетски села. Општина Кичево е избрана за целна заедница, каде ќе се спроведува проектот „BioVill".

Работната средба со воведно обраќање ја отвори проф. Наташа Марковска од Интернационален центар за одржлива енергија (SDEWES). Преку своето експертско излагање, раководителот на одделението за енергетска ефикасност од Општина Карпош, Љупчо Димов, говореше за локалните модели за финансирање на проекти поврзани со обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност.

Особен интерес кај присутните предизвикаа презентациите на австрискиот експерт Ралф Рогенбауер, кој укажа на најдобрите практики кои се применуваат при финансирање на биоенергетско село во Австрија, како и обраќањето на германската експертка по енергетика Мартина Риел, која говореше за финансиските модели, ризици и можности кои ги нудат биоенергетските села. Во таа насока, Илија Саздовски од Германскиот институт за меѓународна соработка (GIZ), ги образложи финансиските модели за обнова на јавни згради, а Васил Божикалиев од SDEWES одржа стандардна презентација за моменталната имплементација на концептот на биоенергетско село.

Инаку, BioVill е тригодишен проект, кој е поддржан од Програмата на Европската Унија за истражување на иновации „Хоризон 2020". Проектот започна во март 2016 година и се имплементира преку соработка помеѓу девет партнери од седум земји, (Македонија, Романија, Словенија, Србија и Хрватска), со пренесување на постојните искуства од Австрија, Германија и други европски земји на партнерите од Југоисточна Европа. Потенцијалот на овој проект лежи кај големиот број земји од Југоисточна Европа кои располагаат со високи количини на биомаса, но најчесто, тие не се доволно искористени за локално снабдување со енергија и регионален економски развој.

Биоенергетско село (BioVill), е населба, село, општина или заедница, која ги задоволува своите потреби за енергија (електрична и топлинска), преку локална биомаса, како и преку други обновливи извори на енергија. Самиот концепт вклучува мерки за енергетска ефикасност и заштеда на енергија. Конкретно, Општина Кичево има високи потенцијали на биомаса, како што се шумската биомаса, остатоците од сточарството, тврдиот отпад и остатоците од обработката на дрво.

# „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ" ГО ОДБРАНИ ДРЖАВНИОТ ОДБОЈКАРСКИ ТРОН

Младите одбојкарки од „Фит Фан Волеј" од Општина Карпош, се старо-нови шампионки на Државното првенство за пионерки, откако викендов (03.06.2017), во одбојкарското финале, убедливо со 3:0 во сетови, ги совладаа своите ривалки на Тетовски „Љуботен". Во организација на Одбојкарската федерација на Македонија, финалниот натпревар се одигра во спортската сала на ООУ „Невена Георгиева - Дуња" во Општина Кисела Вода.

Под водство на тренерите Благоја Ставревски и Атанас Филиповски, одбојкарките од „Фит Фан Волеј" одиграа одлично во групната фаза, а прв вистински предизвик беше гостувањето во Струмица. Во крајно неизвесниот меч, клубот од Карпош успеа да победи со 3:2 во сетови. Оттаму, оваа голема победа се покажа како вистинска пресвртница која дополнително ги мотивираше одбојкарките од „Фит Фан Волеј" во својот пат до финалето.

До шампионската титула, девојчињата стигнаа со напорни тренинзи и максимална подготвеност на технички и тактички план. Во тимот од Карпош подеднакво добро функционираа сите елементи од нападот, одбраната и организацијата кои се покажаа како клучни фактори за освојување на престижната државна титула. За колективниот успех на тимот, покрај одбојкарките и тренерите, голема заслуга има и Општина Карпош, која континуирано го помага клубот во својот развој.

Државниот одбојкарски турнир за пионерки се одигра во поинаков формат од ланскиот, со тоа што се одржаа двојно повеќе натпревари во завршниците. Имено, играјќи во групи, одбојкарките од осминафиналето, па сѐ до финалниот натпревар играа во две добиени утакмици, каде што секоја екипа одигра на домашен и гостински терен.



# КАРПОШАНИ ГО ОДБЕЛЕЖАА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Општина Карпош во соработка со еколошката  организација „Нула отпад“ во просториите на Факултетот за туризам и менаџмент, денеска го одбележаа Светскиот ден на животната средина  5-ти  јуни. На свеченоста присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски кој истакна дека  соработката со „Нула отпад“, е од исклучително значење за екологијата во Општина Карпош. Во рамки на  априлската еко- акција се  собираше  непотребниот  електронски и електричен отпад кој граѓаните на Карпош го имаат, и освен оваа намена, акцијата беше со едукативен карактер, особено за најмладите жители на локалната самоуправа.

- Пред се сум задоволен од соработката на урбаните заедници во Карпош со нашите граѓани, бидејќи на тој начин успеавме да го собереме опасниот електронски отпад, кој на граѓаните им бил надвор од употреба. Од друга страна ги вклучивме и  основните училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпопш  во собирање на електричен отпад, и морам да нагласам дека основците максимално сериозно си ја сфатија работата-  нагласи Јакимовски.

Првонаградено  училиште во оваа акција е ООУ ,, Братство“ кое собра над еден тон отпад, потоа втората награда отиде кај ООУ ,, Лазо Трповски“ , додека ООУ ,, Димо Хаџи Димов“ е третото најуспешно училиште во собирање на електричниот и електронскиот отпад. Телевизор, принтер и  фрижидер се наградите кои најдобрите училишта си ги поделија, како училишта кои собраа повеќе од половина од вкупниот отпад,  собран од сите десет основни училишта. Трите училишта заедно собраа над 2.2 тони отпад, од 4 тони вкупно собран отпад.

Од организацијата ,, Нула отпад“ ја нагласија одличната досегашна соработка со Општина Карпош во собирање на непотребен отпад, и ја истакнаа одличната организациска поставеност на урбаните заедници во оваа пролетна акција.



# ЗЛАТЕН И СРЕБРЕН МЕДАЛ ЗА МЛАДАТА ПЛИВАЧКАТА ЅВЕЗДА ОД КАРПОШ

Четвртоодделенката Теодора Наумовска од ООУ „Вера Циривири - Трена" го освои првото место во дисцината 50 метри „градно" и второто место во дисциплината 50 метри „делфин", на Државниот пливачки митинг, кој се одржа минатиот четврток (01.06.2017) во Куманово. Младата карпошанка постигна извонреден резултат на државно ниво, натпреварувајќи се во категорија од прво до петто одделение. Спортскиот настан го организираше Федерацијата на училишен спорт на Република Македонија, каде што учествуваа ученици од повеќе основни училишта ширум државава.





## СОЕДИНУВАЊЕ НА УМЕТНОСТИТЕ

Симболично со удар во гонгот, вчера попладне, во своето училиште основците од „Владо Тасевски" го одбележаа завршувањето на учебната 2016/2017 година. По тој повод „Танцовото катче" под раководство на проф. Цветанка Бораниева, го одржа завршниот концерт со изведба на делото „За сé да биде цело". Во уметнички амбиент, настапи музичкиот октет составен од основците од ова училиште, кои беа придружувани од своите соученици, кои го збогатија уметничкиот перформанс со изведба на танцовата рубрика.



# „ЈАХЈА КЕМАЛ“ СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА УЧИЛИШНИОТ ШАХОВСКИ ТУРНИР НА ОПШТИНА КАРПОШ

Во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко“ и Општина Карпош на 01.06 (четврток) 2017 во ООУ „Јан Амос Коменски“ се одржа седмата училишна шаховска лига. Севкупен победник на овој шаховки турнир е училиштето Јахја Кемал во категорија од 1-5 и од 6-9 одделение. ООУ „Јан Амос Коменски“ во категоријата од 1-5 одделение го освои второто место, додека вицешампион во категоријата од 6-9 одделение е ООУ „Владо Тасевски“. Третата позиција на овој турнир им припадна на шахистите од 1-5 одделение од ООУ„ Димо Хаџи Димов“и основците од 6-9 од ООУ „Лазо Трповски“.

Ова екипно натпреварување се одржа според т.н Бергеров систем, односно победникот беше познат после одмерувањето на силите во пет натпреварувачки кола на секој против секого.



# ДРЖАВНО ЗЛАТО ЗА ПЛИВАЧИТЕ ОД ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“

Седмоодделенецот Андреј Стојановски од ООУ „Димо Хаџи Димов“ е новиот државен првак на училишното Државно првенство во пливање, кое се одржа минатиот четврток (01.06.2017) во Куманово. Андреј го освои првото место во дисциплините 50 метри „грбно“ и „слободно“, а воедно беше прогласен и за најдобар пливач во категоријата од шесто до седмо одделение.

Најдобар пласман на пливачкиот митинг оствари и неговиот соученик Александар Смилановски, освојувајќи двојно злато во дисциплините 50 метри „грбно“ и „краул“. Со „државно злато“ се закити и петоодделенката Јана Милковска, која забележа убедливо најдобар резултат во дисциплината 50 метри „слободно“ и „делфин“. Својата доминација, Јана ја потврди и како рекордер на митингот во својата категорија.



# ШАМПИОНИТЕ ВО ПОСЕТА КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАКИМОВСКИ

Одбојкарките од „Фит Фан Волеј“ од Карпош, денеска беа на прием кај градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски. Основките го освоија Државното првенство за пионерки, откако викендов (03.06.2017) во одбојкарското финале убедливо ги совладаа своите ривалки од тетовски Љуботен со резултат од 3-0 во сетови. Првиот човек на локалната самоуправа им го честиташе постигнатиот успех, и им посака во иднина да се закитат со европска титула.

Веднаш потоа , со својот успех се пофалија и спортистите од „Димо Хаџи Димов“, кои неодамна го освоија државното пионерско првенство во пливање, како и општинските шампиони во ракомет и тенис. Првиот човек на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, нагласи дека само со труд, упорност и максимална посветеност можат да се постигнат спортски успеси, и дека вложеното време во спортот, од нив ќе направи професионални одбојкарки.

Општинскиот татко на првачите –спортисти од Карпош им вети патување, како и спортски стипендии и спортска опрема.



## ЗАВРШНА ПРИРЕДБА НА ОСНОВЦИТЕ ОД ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“

На свечен начин вчера учениците од ООУ „Димо Хаџи Димов“, ја испратија учебната 2016/2017 година. По тој повод основците организираа приредба проследена со музички и танцови точки.



# БЕСПЛАТНИ УЖИНКИ И ИЗЛЕТИ ЗА ОСНОВЦИТЕ И ВО НАРЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА ВО КАРПОШ

На денешната шеесет и шеста седница на Советот на Општина Карпош советниците расправаа по вкупно 28 предлог точки. Советниците одново дадоа „виза" за финансиска поддршка на клубови од Карпош, и го одобрија предлогот за објавување на оглас за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општина Карпош. Советниците ја изгласаа и одлуката за утврдување на бесплатни ужинки и утврдување на бесплатен излет за учебната 2017/2018 година. Првенците на генерацијата во десетте основни училишта ќе бидат финансиски наградени со одлука на Советот на локалната самоуправа. Денеска советниците ја одобрија одлуката и за отпочнување на работа на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет" - објект „Бумбарче". На оваа седница се одобрија финансиски средства за реконструкција - ремонт на два лифта во колективен станбен објект на улица Иван Аговски број 8, влез 4 и и во колективниот станбен објект на булевар „8 Септември " број10, влез 2, Општина Карпош.



# ЗАСЛУЖЕН ОДМОР ЗА НАЈДОБРИТЕ 80 ОСНОВЦИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош и оваа година од својот буџет обезбеди наградно патување за 80 ученици од основните училишта од Карпош. Најуспешните ученици-спортисти, кои остварија извонредни резултати во рамки на спортската училишна лига во четирите спортови и тоа, кошарка, фудбал, ракомет и одбојка за девојчиња, заедно со најуспешните ученици-првенци на генерација, ќе бидат дел од наградното патување кое оваа година ќе се реализира од 13 до 19 јуни во Грција во кампот Скураз на полуостровот Халикидки.

Седумдневниот одмор на основците ќе им донесе голем број нови познанства и другарувања и разни спортско-рекреативни активности.

